ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка

Скопје, декември 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: 24. 12. 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица / Njësia Org | Број / Numër | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlerë |
| 08 | 6326/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Буџетот преставува еден од најзначајните инструменти на економската политика. Оттаму Законот за буџети, кој ги дефинира процедурите за изработка и донесување на овој документ е од подеднаква важност.

Предмет на уредување на Законот за буџети е постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и известувањето за извршувањето на истите, фискалните правила, среднорочното буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и општините, следењето на финансиските резултати на јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата и општините и од нив основаните трговски друштва, фискалната одговорност и основите на интегрираниот информационен систем за управување со јавните финансии.

## II.ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предложеното законско решение се базира на начелата на ефикасност, економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, овој закон се предлага да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИ

Член 1

Во Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22,58/23, 39/24 и 76/24), во член 2 во точката 32 по зборот „инфраструктура“ се додаваат зборовите „кој во текот на инвестирање или оперативно користење се финансира или кофинансира од јавни приходи и други приливи, сопствени приходи на јавните субјекти, средства добиени од буџетот на Европска Унија или други развојни партнери, вклучувајќи и задолжувања или за кој ќе се бара издавање на гаранција во согласност со законот со кој се уредува јавниот долг“.

Член 2

Во член 4 ставот (2) се брише.

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (2), (3), (4) и (5).

Член 3

Во член 8 ставот (6) се менува и гласи:

„Во случај кога предложените прописи или акти имаат импликации кои се во насока на унапредување на родовата еднаквост, задолжително во прилог на истите се доставува родово одговорна буџетска изјава, по која Министерството за социјална политика, демографија и млади дава мислење.“.

Во став (7) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади“, а зборовите „родово буџетската изјава“ се заменуваат со зборовите: „родово одговорната буџетска изјава“.

Член 4

Во член 11 став (2) во точката 5 зборовите „структурни реформи и“ се бришат.

Член 5

Во член 13 став (1) зборовите „15 декември“ се заменуваат со зборовите „15 јануари“, а зборовите: „секторските стратегии” се заменуваат со зборовите: „секторските и мултисекторските стратегии”.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Матичните буџетски корисници изработуваат стратешки план за активностите и проектите во рамки на нивните надлежности, усогласени со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, Националната развојна стратегија, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија, Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, секторските и мултисекторските стратегии. Собранието на Република Северна Македонија изработува стратешки план за активностите и проектите во рамки на неговата надлежност во согласност со Законот за Собранието на Република Македонија. “.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Организационата единица во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија одговорна за координирање на процесот на стратешко планирање на матичните буџетски корисници во соработка со Министерството за финансии, доставува детални упатства и насоки за подготовка на стратешкиот план, секторските и мултисекторските стратегии.”.

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и стратешките планови на буџетските корисници треба да бидат усогласени, со секторските и мултисекторските стратегии, како и со Националната развојна стратегија, чии приоритети и индикатори треба да бидат основа за подготовка на овие стратешки документи.“.

Член 6

Во член 18 став (1)  по точката 3 се додава нова точка 3-а која гласи:

„3-а.анализа и преглед на трошоците од спроведување на одредена буџетска политика;“.

Член 7

Во член 20 во ставот (1) зборовите „,кои ги подготвуваат во согласност со пропишаната методологија и ги поднесуваат до Министерството за финансии за преглед и оценка“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Матичните буџетски корисници, вклучувајќи ги општините, ги поднесуваат новите иницијативи во вид на проекти за јавни инвестиции, во нивно име односно во име на јавните субјекти од нивна надлежност, по претходно спроведена оценка и евалуација од страна на Министерството за финансии, односно работна група/комитет формиран од Советот на општината и определен приоритет на предлог проектите за јавни инвестиции од страна на меѓуресорска работна група/комитет формиран од страна на Владата, односно Советот на општината.”.

Ставовите (3) и (4) се бришат.

Ставот (5) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Владата на Република Северна Македонија, односно Советот на општината одлучува за конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции.“.

Ставот (6) станува став (4).

Ставот (7) кој станува став (5) се менува и гласи:

„(5) Начинот, содржината, постапката и критериумите за дефинирање, подготвување, разгледување, оценување, евалуација, начин на одредување на приоритетни предлог проекти за јавни инвестиции, како и спроведување, следење и известување за реализацијата и екс – пост преглед на проектите за јавни инвестиции поблиску ги уредува Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за финансии.“ .

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7) кои гласат:

„(6) Јавните субјекти кои не се буџетски корисници, освен Народната банка на Република Северна Македонија при подготовката на нивните програми за работа (инвестициони

програми) вршат избор на проекти за јавни инвестиции од конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции од став (3) на овој член.

(7) Јавните субјекти од ставот (6) на овој член на Министерството за финансии му доставуваат квартални извештаи за следење на реализацијата на проектите за јавни инвестиции.“.

Член 8

Во член 22 ставот (3) се брише.

Член 9

Во член 31 став (2) во точката 2 потточката ѓ) се менува и гласи:

„родови индикатори и родово одговорна буџетска изјава при идентификување на најмалку една родова цел таму каде што е можно;“.

Член 10

Во член 32 став (2) во точката 3, на крајот од реченицата точката се заменува со сврзникот „и“.

По точката 3 се додава нова точка 4 која гласи:

„4.одобрување на предлог финансискиот план на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Северна Македонија и доставување на истиот до Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 11

По членот 33 се додава нов член 33 – а кој гласи:

„Член 33 – а

Доставување на предлог финансиски планови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Северна Македонија

(1)Јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Северна Македонија и од нив основаните трговски друштва подготвуваат предлог финансиски план, кој содржи:

-реализација на приливи и одливи за претходната година, проценка за реализација на приливи и одливи за тековната година, планирани приливи и одливи за наредните пет години;

-образложение на предлог-финансискиот план;

-опис и надлежности на јавното претпријатие и трговското друштво во државна сопственост;

-образложение за поставените цели и активности усогласени со стратегиите и долгорочните развојни документи;

- правни и други основи за планирани одливи;

- извори на финансирање;

- месечен преглед на планираните  приходи и расходи за наредна година;

- месечен преглед на планираните  приливи и одливи за наредна година;

- Биланс на состојба и Биланс на успех за наредна година;

-месечен преглед за планирани пополнувања и испразнување на работни места за наредната година и

-  други потребни информации.

(2)Раководителот на јавното претпријатие и трговското друштво основано од Република Северна Македонија е надлежен за:

-подготовка и доставување на предлог финансискиот план до матичниот буџетски корисник;

-доставување на месечни, квартални, годишни финансиски извештаи и други финансиски податоци до Министерството за финансии;

-доставување на одобрениот финансиски план од Владата на Република Северна Македонија до Министерството за финансии и

- доставување на полугодишни и годишни извештаи за реализација на финанискиот план до матичниот буџетски корисник.

(3)Раководителот на трговското друштво основано од Република Северна Македонија предлог финансискиот план го доставува до матичниот буџетски корисник, заедно со предлог финансиските планови на трговските друштва чиј основач е.

(4)Владата на Република Северна Македонија дава согласност на финансискиот план од став (1) на овој член, на предлог на раководителот на матичниот буџетски корисник, доколку со друг закон поинаку не е уредено.

(5)Роковите за подготовка, доставување и давање на согласност на финансискиот план од став (1) на овој член, се утврдуваат во планот со временски рокови од член 28 став (2) на овој закон.“.

Член 12

Во член 35 став (2) во точката 5 по зборот „родово“ се додава зборот „одговорни“.

Член 13

Во член 67 во ставот (2) по зборовите „Република Северна Македонија“ се додаваат зборовите: „и од нив основаните трговски друштва“.

Во став (6) зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за јавна администрација“.

Ставот (7) се брише.

Ставот (8) станува став (7)

Член 14

Во член 69 по ставот (6) се додаваат три нови става (7), (8) и (9) кои гласат:

„(7) За девизните средства на буџетските корисници, истите отвораат девизни сметки во

Народната банка на Република Северна Македонија по претходна согласност од Министерство за финансии.

(8) По отворањето на девизните сметки од ставот (7) на овој член, буџетските корисници отвораат кореспондентна сметка во рамките на ЕТС.

(9) Министерот за финансии го пропишува начинот на отворање на девизни сметки на буџетските корисници.“.

Член 15

Во член 76 во ставот (4) зборовите: „Министерството за економија“ се заменувааат со зборовите: „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во ставот (5) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за  енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 16

Членот 79 се брише.

Член 17

Во член 83 во ставот (3) зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 18

Во член 91 ставот (4) се брише.

Член 19

Во член 92 ставот (4) се брише.

Член 20

Во член 93 во ставот (5) зборовите: „родово одговорните идикатори“ се заменуваат со зборовите: „родовите индикатори“.

Член 21

Во член 94 во ставот (3) зборовите: „30 април“ се заменуваат со зборовите: „31 мај“.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Градоначалникот ја подготвува Предлог-завршната сметка на буџетот на општината и ја доставува до Советот на општината најдоцна до 31 март во тековната година.“.

Ставот (9) се менува и гласи:

„Советот на општината ја донесува Предлог-завршната сметка на буџетот на општината најдоцна до 30 април во тековната година.“.

Член 22

Во член 96 став (1) во точката 4 зборовите: „родово буџетска иницијатива“ се заменуваат со зборовите: „родово одговорна буџетска изјава“.

Член 23

Во член 111 точката 5 се менува и гласи:

„.не постапи согласно со членот 94 ставовите (8), (10) и (11) од овој закон;“.

Член 24

Членот 112 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во јавно претпријатие, друг јавен субјект или друго правно лице доколку не ги објави на својата веб-страница годишните финансиски извештаи и изјави, согласно со членот 95 став (2) од овој закон.“.

Член 25

Во член 122 зборовите „1 јануари 2025 година“ се заменуваат со зборовите „1 јануари 2026 година“.

Член 26

Одредбите од членовите 4, 8, 12, 15 и 20 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 58/23, 39/24 и 76/24) ќе отпочнат да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од член 26 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

Подзаконските акти предвидени со Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 58/23, 39/24 и 76/24) ќе се донесат во рок од 12 месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 27

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со член 1 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, се менува член 2 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22 и бр.76/24), со цел да се допрецизира дефиницијата проект за јавна инвестиција.

Со член 2 од Предлогот на закон, се брише ставот (2) од член  4 од Законот за буџети.

Со член 3 од Предлогот на закон, се менува ставот (6) од член 8 од постојниот закон, при што се предвидува дека во случај кога предложените прописи или акти имаат импликации кои се во насока на унапредување на родовата еднаквост, задолжително во прилог се доставува родово одговорна буџетска изјава, по која Министерството за социјална политика демографија и млади дава мислење. Воедно, со предложениот член се врши усогласување на одредбите од Законот за буџети со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

Со член 4 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, се менува член 11 став (2) точка 5 од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22), така што зборовите „структурни реформи и" се бришат.

Со член 5 од Предлогот на закон, со кој се менува член 13 од постојниот закон, се предвидува дека Владата ги утврдува стратешките приоритети најмалку за наредните пет години  најдоцна до 15 јануари во тековната година.

Со член 6 од Предлогот на закон, се дололнува член 18 од Законот за буџети, при што се предвидува дека Фискалната стратегија, како документ на Владата на Република Северна Македонија, покрај досега законски утврдените податоци, ќе содржи и преглед на трошоци.

Со член 7 од Предлогот на закон, со кој се дополнува член 20, се дава законска основа за донесување на подзаконски акт со цел воспоставување на структуиран и сеопфатен пристап за донесување на одлуки за новите проекти за јавни инвестиции. Конкретно, се предвидува новите инцијативи за проекти за јавни инвестиции да се поднесуваат по претходно спроведена постапка и на начин пропишан со подзаконскиот акт. Притоа, оценка и евалуација на предлог проектите за јавни инвестиции ќе врши Министерството за финансии, односно работна група/комитет формиран од страна на Советот на општината, приоритет на предлог проектите ќе определува меѓуресорска работна група/комитет формиран од страна на Владата, односно Советот на општината, а за донесување на конечната приоритетна листа на предлог проектите за јавни инвестиции ќе одлучува Владата, односно Советот на општината.

Со член 8 од Предлогот на закон, се брише ставот (3) од член 22 од Законот за буџети.

Со член 9 од Предлогот на закон, со кој се менува член 31, при што, се предлага предлог финансиските планови на буџетските корисници да содржат и родови индикатори и родово одговорна буџетска изјава при идентификување на најмалку една родова цел таму каде што е можно, се со цел унапредување на родовата еднаквост.

Со член 10 од Предлогот на закон, се дополнуваат надлежностите на раководителот на матичниот буџетски корисник.

Со член 11 се дополнува постојниот закон со нов член 33 – а со кој се уредува

изготвувањето, доставувањето и одобрувањето на предлог финансиските планови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Северна Македонија.

Со член 12 се дополнува член 35 од постојниот закон на начин што, буџетската документација на предлог буџетот на државата вклучува и сумиран преглед на родово одговорни буџетски изјави на корисниците на буџетот на државата.

Со член 13 од Предлогот на закон, се менува член 67 од Законот за буџети, со цел усогласување на одредбите со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

Член 14 од Предлогот на закон, со кој се дополнува член 69 од постојниот закон, има за цел прецизирање на начинот на отворање на девизни сметки на буџетските корисници во Народна банка на Република Северна Македонија, за девизните средства добиени од донатори, кредитори или други девизни средства кои ги поддржуваат активностите на буџетските корисници.

Со член 15 од Предлогот на закон, се менува член 76 од Законот за буџети, со цел усогласување на одредбите со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

Со член 16 од Предлогот на закон, се брише член 79 од постојниот Закон за буџети.

Со член 17 од Предлогот на закон, се менува член 83 од Законот за буџети, со цел усогласување на одредбите со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

Со член 18 од Предлогот на закон, се брише ставот (4) од член 91 од Законот за буџети.

Со член 19 од Предлогот на закон, се брише ставот (4) од член 92 од Законот за буџети.

Со член 20 од Предлогот на закон, со кој се менува член 93, се предвидува дека образложението на посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот вклучува и родови индикатори.

Со член 21 од Предлогот на закон, се менуваат роковите за подготвување односно донесување на Предог – завршната сметка од страна на градоначалникот односно Советот на општината.

Со член 22 од Предлогот на закон, се предвидува буџетските корисници меѓудругото на својата веб-страница да објавуваат и годишна родово одговорна буџетска изјава.

Со член 23 и член 24 од Предлогот на закон, се уредуваат прекршочните одредби за градоначалникот на општината и прекршочните одредби за јавни претпријатија, други јавни корпорации, други јавни субјекти и други правни лица.

Со член 25 се пролонгира рокот за отпочнување на примената на Законот за буџети.

Со член 26 се уредуваат преодните и завршните одредби.

Со член 27 се уредува влегувањето во сила на Предлогот на закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22 и бр.76/24), се вршат измени и дополнувања на одредбите од постојниот закон со што се обезбедува континуитет на обврската за наменско, рационално, економично и ефикасно користење на одобрените средства од страна на јавните субјекти.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Член 2

Дефиниции

Одделните поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Буџет“ е акт на централната власт (Буџетот на државата) и на локалната власт (Буџетот на општината) со кој се планираат годишните приходи и други приливи и се одобруваат годишните расходи и други одливи на државата или на општината. Буџетот на државата ги опфаќа и буџетите на фондовите;

2. „Изменување и дополнување на буџет“ е акт на државата или на општината за промена на последниот донесен буџет во тековната година;

3. „Донесен буџет“ е буџет или изменет и дополнет буџет донесен од Собранието на Република Северна Македонија или од Советот на општината;

4. „Важечки буџет“ е донесен буџет во тековната година, кој ги вклучува сите промени направени при неговото извршување во согласност со овој закон и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија или Одлука за извршување на Буџетот на општината;

5. „Граѓански буџет“ е прикажување на буџетот на едноставен начин, со цел да се информираат граѓаните како се креира и како се трошат распределените средства;

6. „Завршна сметка во форма на Годишен извештај за извршување на Буџетот“ е акт на државата или општината (во натамошниот текст: Завршна сметка на Буџетот) во кој се презентирани наплатените (реализираните) приходи и извршените расходи на сите сметки на Буџетот на државата или на општината, споредени со проекциите на приходите и одобрените расходи;

7. „Финансиски план“ е план на приливи и одливи на буџетскиот корисник за одредена буџетска година;

8. „Финансиски лизинг“ е договор за лизинг со кој сопственоста може, но не мора да биде пренесена од давателот на лизинг на корисникот на лизинг;

9. „Квотата“ е вкупен износ на средства кој буџетскиот корисник може да го троши во одреден временски период во рамки на една буџетска година;

10. „Буџетска апропријација“ (во натамошниот текст: апропријација) е годишен износ на право на трошење на буџетскиот корисник за утврдената намена;

11. „Право на трошење“ е право на буџетскиот корисник да ги преземе и плаќа обврските до нивото определено со апропријација;

12. „Обврска“ е проценета обврска, преземена обврска, настаната обврска за плаќање и доспеана, а неплатена обврска;

13. „Проценета обврска“ е намера за преземање на обврска која се регистрира во системот на трезорската главна книга;

14. „Преземена обврска“ е обврска произлезена од правен документ, склучен договор, нарачка или друг обврзувачки документ како и од закон, подзаконски акт или правосилна судска или административна одлука која резултира со идни обврски за плаќање;

15. „Настаната обврска за плаќање“ е обврска настаната од претходни дејства, чие подмирување се очекува да резултира со одлив на одобрени средства. Обврската за плаќање настанува кога условите од договорот или друг документ се исполнети, односно добрата се испорачани или услугите се извршени;

16. „Доспеана, а неплатена обврска“ е обврска која не била платена до датумот на нејзиното доспевање. Доспеана, а неплатена обврска врз основа на поврат на јавни давачки е обврска настаната кога повратот на јавните давачки не е извршен во законски утврдениот рок;

17. Одливите ги вклучуваат расходите и другите одливи;

18. „Расходи“ се плаќања од буџетот што се евидентираат на готовинска основа во Прегледот за приходи и расходи;

19. „Други одливи“ се одливи од буџетот што се евидентираат на готовинска основа во Прегледот за финансиски средства и обврски или во Прегледот за задолжување и отплата на долг;

20. Приливите ги вклучуваат приходите и другите приливи;

21. „Приходи“ се приливи во буџетот коишто се евидентираат на готовинска основа во Прегледот за приходи и расходи;

22. „Други приливи“ се приливи во буџетот кои се евидентираат на готовинска основа во Прегледот за финансиските средства и обврски или во Прегледот за задолжување и отплата на долг;

23. „Јавни субјекти“ во смисла на овој закон се буџетските корисници, јавните претпријатија и трговски друштва со доминантна или целосна сопственост на државата или на општините, непрофитни институции, контролирани и финансирани од државата или од општините и Народната банка на Република Северна Македонија;

24. „Субјекти на општа власт“ во смисла на овој закон се институциите кои се класифицирани во Сектор Држава (С.13), согласно со Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика;

25. „Непрофитните институции“ се правни субјекти кои се основани со цел да произведуваат стоки или услуги за кои, според нивниот карактер, не е дозволено да бидат извор на приходи, профит или други финансиски примања на институциите кои ги основале, кои ги контролираат или ги финансираат;

26. „Буџетски корисници“ се сите правни лица кои се основани од државата или општините, социјалните фондови, општините, освен Народната банка на Република Северна Македонија, јавните претпријатија и трговските друштва, непрофитни институции, основани од државата или од општините.

27. „Матичен буџетски корисник“ е буџетски корисник кој е хиерархиски претпоставен за сите буџетски корисници и други јавни субјекти кои се во негова надлежност, освен Собранието на Република Северна Македонија кое е матичен буџетски корисник кој хиерархиски не е претпоставен за други буџетски корисници и други јавни субјекти;

28. „Раздел“ е еден буџетски корисник или збир на сродни буџетски корисници;

29. „Политика“ е област на дејствување и претставува група на програми со заеднички општи среднорочни или долгорочни цели;

30. „Програма“ е потесна област во рамки на политиката, која ги следи заедничките специфични среднорочни цели. Една програма може да има една или повеќе потпрограми;

31. „Потпрограма“ е подетаљно разработен дел од програма со краткорочни до среднорочни цели и се состои од проекти и/или активности;

32. „Проект“ е збир на меѓусебно поврзани задачи со јасно дефинирани цели што треба да се извршат во одреден период и во рамки на планираните расходи и други одливи; проект за јавна инвестиција е планирање, дефинирање, буџетирање, склучување договори, следење и завршување на инвестициите во јавна економска и општествена инфраструктура;

33. „Јавна економска инфраструктура“ е инфраструктура што промовира економска активност како што се патишта, автопати, железнички пруги, аеродроми, системи за производство и снабдување со енергија, телекомуникации, водоснабдување и канализација;

34. „Јавна општествена инфраструктура“ е физички објекти и простор каде заедницата може да има пристап до социјалните и други општествени услуги, вклучувајќи здравствена заштита (здравствени домови, клиники и болници), образование и обука (училишта и универзитети), социјално домување, јавна безбедност и правда (полиција, судови и затвори), како и уметнички, културни и рекреативни установи и центри;

35. „Активност“ е збир на меѓусебно поврзани задачи со јасно дефинирани цели и не може да се дефинира како проект;

36. „Буџетско салдо“ е разлика помеѓу сите приходи и расходи на буџетот;

37. „Буџетски суфицит“ е позитивно буџетско салдо, односно позитивна разлика помеѓу сите приходи и расходи на буџетот;

38. „Буџетски дефицит“ е негативно буџетско салдо, односно негативна разлика помеѓу сите приходи и расходи на буџетот;

39. „Примарен дефицит“ е негативно буџетско салдо намалено за плаќањата за камати;

40. „Единствена трезорска сметка“ (во натамошниот текст: ЕТС) е сметка во Народната банка на Република Северна Македонија отворена од Министерството за финансии и управувана од Трезорот, преку која се вршат сите трансакции и се евидентира наплатата на сите буџетски приливи и извршувањето на сите буџетски одливи;

41. „Систем на единствена трезорска сметка“ (во натамошниот текст: систем на ЕТС) е единствен систем на сметки управуван од Министерството за финансии, кој дава консолидиран преглед на финансиското работење и на паричните салда, обезбедува платформа за солидно и ефикасно управување со готовината и преку која буџетските корисници и другите јавни субјекти вршат трансакции и ги регистрираат сите свои приливи и одливи, преноси и други трансакции со парични средства;

42. „Системот на трезорска главна книга“ е систем на евиденција на усвоениот буџет и на измените и дополнувањата на буџетот, сите трансакции и салда во сите фази на процесот на извршување на буџетот, управување со готовината и со долгот и целокупното друго финансиско работење на буџетските корисници, како и паричните трансакции и салда на други јавни субјекти, а кои учествуваат во системот согласно со овој или со друг закон;

43. „Ликвидност“ е способност за навремено плаќање на обврските во договорениот рок;

44. „Задолжување“ е постапка на издавање на должнички хартии од вредност и

повлекување средства од заеми или од други инструменти за позајмување на начин пропишан со закон;

45. „Задолжување за ликвидност“ е повлекување средства од краткорочни заеми, издавање краткорочни хартии од вредност или други инструменти за финансирање привремени недостатоци на парични средства како резултат на неусогласено движење на приливите и одливите во буџетот во текот на фискалната година;

46. „Консолидација“ е презентирање финансиски информации на повеќе јавни субјекти како да му припаѓаат на еден субјект; во тој поглед меѓусебно се елиминираат трансферните текови, средствата и обврските помеѓу поединечни јавни субјекти;

47. „Даночни расходи“ се индиректни расходи направени преку даночниот и царинскиот систем, врз основа на законски одредби кои водат до намалување или одложување на приливи за постигнување одредена економска или социјална цел;

48. „Носител на побарување“ е јавен субјект кој има побарувања од други правни или физички лица по разни основи;

49. „Долг на општа власт“ се состои од консолидирани финансиски обврски создадени врз основа на задолжување на субјекти на општата власт;

50. „Родово одговорно буџетирање“ е процена на буџетите од родова гледна точка, вклучувајќи ја родовата перспектива на сите нивоа од буџетските процеси, планирање и преструктуирање на приходите и расходите со цел остварување на родовата еднаквост;

51. „Родово одговорна буџетска изјава“ е документ за вклучување на родовата еднаквост во областа која ја покрива избраната програма која е предмет на анализа;

52. „Родови индикатори“ се алатки за следење на родовите разлики, промените поврзани со родот карактеризирани согласно со различни временски периоди и мерењето на напредокот за остварување на родово одговорните цели.

Член 4

Регистар на јавните субјекти

(1) Министерството за финансии воспоставува, води и одржува Регистар на јавни субјекти кој е јавно достапен.

(2) Во Регистарот на јавни субјекти се регистрираат јавните субјекти во следниве групи: буџетски корисници, јавни претпријатија, други јавни субјекти и Народната банка на Република Северна Македонија.

(3) Регистарот на јавни субјекти се ажурира тековно.

(4) Секој нов правен субјект основан директно или индиректно од страна на државата или на општините мора да биде евидентиран во Регистарот на јавни субјекти.

(5) За воспоставување и одржување на Регистарот на јавни субјекти, Министерството за финансии ги добива потребните податоци без надоместок од Централниот регистар на Република Северна Македонија и други надлежни институции.

(6) Формата, содржината, воспоставувањето и начинот на одржување на Регистарот на

јавни субјекти ги пропишува министерот за финансии.

Член 8

Фискални и други импликации при предлагање прописи и акти

(1) Изработувачот на предлозите на законите и другите акти што ги предлага Владата на Република Северна Македонија и предлагачот на другите прописи што ги донесува Владата задолжително до Владата на Република Северна Македонија доставува пополнет образец за проценка на среднорочни фискални импликации на државата, општините и други јавни субјекти. Проценката на среднорочни фискални импликации треба да содржи најмалку:

1. предвидени промени во приливите и одливите на Буџетот на државата, буџетот на општините и на други јавни субјекти за тековната и најмалку идните пет години;

2. анализа на која се базира проценката на фискалните импликации;

3. предлог за извори на финансирање.

(2) Врз основа на образецот утврден во ставот (1) на овој член, Министерството за финансии доставува до Владата на Република Северна Македонија мислење за среднорочните фискални импликации.

(3) Доколку буџетските корисници предлагаат нови прописи, акти или обврски кои предизвикуваат фискални импликации во наредните буџетски години, при подготовка на фискалната стратегија и буџетот, истите треба да се вклучат во нови иницијативи за финансирање.

(4) Фискалните импликации на новите прописи, акти или обврски што не се усвоени од Владата, а кои се донесени врз основа на закони и други подзаконски акти и на кои е добиено претходно мислење од Министерството за финансии, мора да се во согласност со тие закони и други подзаконски акти.

(5) По исклучок на ставот (4) на овој член, ако фискалната импликација на новите прописи, акти или обврски што не се усвоени од Владата на Република Северна Македонија ги надминува фискалните импликации на законите и на други акти врз основа на кои се усвоиле и кои се проверени од Министерството за финансии, тие акти и соодветни форми за проценка на нивните среднорочни фискални импликации мора да се поднесат до Министерството за финансии. Министерството за финансии доставува до Владата на Република Северна Македонија мислење за среднорочните фискални импликации.

(6) Во случај кога предложените нови прописи или акти имаат импликации кои се во насока на унапредување на родовата еднаквост, задолжително во прилог на истите се доставува родово буџетска изјава.

(7) Министерот за финансии поблиску ја пропишува формата и содржината на Образецот за проценка на среднорочни фискални импликации, а министерот за труд и социјална политика со согласност со министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на родово буџетската изјава.

(8) Министерството за финансии од предлагачот може да побара да ги процени долгорочните фискални импликации во случај на пропис со долгорочно влијание или за долгорочен проект. (9) Градоначалникот на општината ги доставува фискалните и други импликации при предлагање прописи и акти до Советот на општината.

Член 11

Фискален совет

(1) Фискалниот совет е независно тело кое врши активности од својот делокруг и надлежност, определени со овој закон и за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Фискалниот совет на независна, објективна и професионална основа, изработува анализи и мислења за:

1. макроекономските и фискалните претпоставки користени за изработка на Буџетот на државата и фискалната стратегија;

2. фискалната стратегија, Буџетот на државата, Измената и дополнувањето на Буџетот на државата, Полугодишниот извештај за реализација на буџетот, Завршната сметка на Буџетот и друга документација поднесена пред Собранието на Република Северна Македонија или објавена согласно со овој закон;

3. фискалните ризици и веројатноста на исполнување на Буџетот на државата и фискалната стратегија;

4. исполнувањето на фискалните правила од овој закон, како и за ризиците за отстапување од фискалните правила;

5. настанувањето на исклучителни околности кои водат до привремено отстапување од примената на фискалните правила согласно со членот 10 став (6) од овој закон, како и за условите за привремено отстапување за структурни реформи и инвестиции согласно со членот 10 став (7) од овој закон;

6. спроведувањето корективни мерки наведени во членот 10 ставови (4) и (8) од овој закон.

(3) Фискалниот совет може, на сопствена инцијатива, односно на барање на Владата на Република Северна Македонија или Собранието на Република Северна Македонија да изработи и анализи и мислења за фискалните ефекти на одделни предлог-закони, како и за други прашања во делот на фискалната политика и управувањето со јавните финансии.

(4) Анализите и мислењата на Фискалниот совет од ставот (2) на овој член се составен дел на соодветните документи при поднесувањето до Владата на Република Северна Македонија или Собранието на Република Северна Македонија на разгледување и усвојување. Доколку постојат забелешки во анализите и мислењата на Фискалниот совет, Владата на Република Северна Македонија, преку Министерството за финансии, задолжително треба да подготви одговор во кој ќе се образложат причините за отстапувањата од анализите и мислењата на Фискалниот совет, кој е, исто така, составен дел на соодветниот документ.

(5) Сите анализи и мислења на Фискалниот совет се објавуваат на неговата веб-страница, во најкраток можен рок.

(6) Фискалниот совет се состои од три члена, при што по еден член предлага Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Државниот завод за ревизија и Народната банка на Република Северна Македионија, а ги именува Собранието на Република Северна Македонија. Мандатот на членовите на Фискалниот совет е шест години, без право на повторен реизбор.

(7) Институциите од ставот (6) на овој член, можат да распишат јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица кои ги исполнуваат условите предвидени со овој закон за членови

на Фискалниот совет.

(8) Членовите на Фискалниот совет во својата работа дејствуваат самостојно,независно и непристрасно во согласност со највисоките професионални и етички стандарди. Ставовите кои членовите ги изнесуваат во работата на Фискалниот совет или при јавни настапи поврзани со активностите на Фискалниот совет, не претставуваат став на институциите кои ги предложиле или институциите со кои се поврзани.

(9) Член на Фискалниот совет може да биде лице, државјанин на Република Северна Македонија, кое има соодветна репутација, најмалку високо образование и најмалку десет години соодветно професионално или академско искуство на полето на економијата, јавните финансии, сметководство и ревизијата или друга сродна област.

(10) Член на Фискалниот совет не може да биде лице:

1. на кое со правосилна судска пресуда му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност;

2. кое е пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, член на Владата на Република Северна Македонија, вработен во буџетски корисник или во друг јавен субјект на државно или на локално ниво;

3. кое е член на органи на политичка партија или бил носител на јавна функција во претходните пет години;

4. по исклучок на точка 2 на овој став, член на Фискалниот совет може да биде универзитетски професор или вработен, односно ангажиран во научно-истражувачка институција или времено ангажиран во меѓународна финансиска институција.

(11) Функцијата претседател или член во Фискалниот совет престанува под следниве услови:

1. со истекот на мандатот;

2. во случај на смрт;

3. во случај на оставка, поднесена со претходно писмено известување до Собранието на Република Северна Македонија во рок не пократок од еден месец од денот на известувањето;

4. во случај на разрешување.

(12) Претседателот или член на Фискалниот совет се разрешува доколку:

1. престане да исполнува некои од критериумите за именување за член на Фискалниот совет утврдени во ставот (9) на овој член;

2. не е во можност да ги извршува задачите поради телесна или ментална неспособност која трае повеќе од три месеци;

3. не ги извршува должностите во Фискалниот совет во последователен период од најмалку два месеца и

4. ја изгуби деловната способност.

(13) Одлука за разрешување член на Фискалниот совет донесува Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на 20 пратеници, а по претходно писмено известување за причините за разрешување, доставено до Собранието на Република Северна Македонија

од соодветната институција од ставот (6) на овој член.

(14) Испразнето место во Фискалниот совет се пополнува најдоцна во рок од 60 дена со именување нов член на Советот со мандат од шест години, на предлог на соодветната институција од ставот (6) на овој член.

(15) Фискалниот совет донесува програма за работа и донесува одлуки со мнозинство од своите членови.

(16) Членовите на Фискалниот совет избираат претседател на Фискалниот совет. Претседателот на Фискалниот совет го претставува, управува и ја организира работата на Фискалниот совет.

(17) Членовите на Фискалниот совет ги вршат своите активности во Советот без засновање работен однос. За нивната активност во Фискалниот совет им се утврдува месечен надоместок на нето-основа во висина од две нето просечни плати исплатени во Република Северна Македонија во текот на претходната година.

(18) Работите поврзани со стручните и административно - техничките активности за потребите на Фискалниот совет ги врши Стручна служба на Фискалниот совет. Стручната служба на Фискалниот совет има својство на правно лице со седиште во Скопје. Со работата на Стручната служба раководи раководител на Службата, кој ја претставува и ја застапува. Раководителот на Службата се избира од редот на вработените во Службата, од страна на членовите на Фискалниот совет и за својата работа одговара пред нив.

(19) Стручната служба на Фискалниот совет се состои од четири аналитичари за стручна и двајца вработени за административно-техничка поддршка на работата на Фискалниот совет. Внатрешната организација и описот на работните места се утврдуваат со Правилник, кој го донесува Фискалниот совет.

(20) Средствата за функционирање, вклучително и материјалните трошоци, на Фискалниот совет се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија на предлог на Фискалниот совет и истиот самостојно одлучува за користењето на обезбедените средства.

(21) На почетокот од воспоставувањето на Фискалниот совет Владата е должна да обезбеди просторни и технички услови за непречено извршување на задачите од делокругот на активности на Фискалниот совет за најмалку една година.

(22) Со цел подготовка на анализите и мислењата во рамки на својот мандат, Фискалниот совет има право на пристап до сите релевантни информации и податоци од буџетските корисници и други јавни субјекти на државно и на локално ниво. Сите јавни субјекти се должни да ги обезбедат бараните информации и податоци во рок од 15 дена од приемот на барањето од Фискалниот совет. Фискалниот совет има право јавно да ги објави јавните субјекти кои не се придржуваат до овие одредби.

(23) Фискалниот совет и секој негов член е одговорен пред Собранието на Република Северна Македонија за остварување на задачите пропишани со овој закон.

(24) Фискалниот совет поднесува до Собранието на Република Северна Македонија извештај за својата работа најмалку еднаш годишно до крајот на мај во тековната година за претходната година. Извештајот, кој вклучува и извештај за управувањето со средствата од ставот (20) на овој член, се објавува на веб-страницата на Фискалниот совет.

Член 13

Стратешко планирање

(1) Владата ги утврдува стратешките приоритети најмалку за наредните пет години најдоцна до 15 декември во тековната година, имајќи ги предвид изјавата за фискалната политика, фискалните принципи и правила, Програмата за работа на Владата, анализата на остварените резултати од спроведувањето на стратешките приоритети на Владата од предходната година, развојните стратешки плански документи, секторските стратегии и проценката на актуелните општествено-економски и социјални состојби во државата.

(2) Владата врз основа на извршена анализа може да утврди нов приоритет, да редефинира веќе утврден приоритет и да изостави претходно утврден приоритет, во случај на значителни промени во условите и околностите или вонредна состојба.

(3) Матичните буџетски корисници изработуваат стратешки план за активностите и проектите во рамки на нивните надлежности, задолжително следејќи ги стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија. Собранието на Република Северна Македонија изработува стратешки план за активностите и проектите во рамки на неговата надлежност во согласност со Законот за Собранието на Република Македонија.

(4) Потребните трошоци за спроведување на активностите содржани во програмите, потпрограмите, проектите и мерките вклучени во стратешкиот план треба да бидат во рамките на максималните износи на расходи (расходни лимити) утврдени во Фискалната стратегија. Стратешкиот план се усогласува и утврдува согласно со ревидираната фискална стратегија и донесениот буџет.

(5) Организациската единица во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија одговорна за координирање на процесот на стратешко планирање на матичните буџетски корисници, во соработка со Министерството за финансии, доставува детални упатства и временски рокови за подготовка на стратешкиот план.

Член 18

Содржина на фискалната стратегија

(1) Фискалната стратегија најмалку содржи квалитативен и квантитативен опис на:

1. реализирани макроекономски движења за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и макроекономски проекции за тековната година и следните пет години подготвени од страна на Министерството за финансии, вклучувајќи ги најмалку проекциите за реален и номинален БДП, инфлација, надворешно-трговска размена и пазар на труд;

2. реализација за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција за тековната година и за наредните пет години на следните параметри на Буџетот на државата и буџетите на општините, соодветно: приходи, расходи, буџетско салдо (вкупно и примарно) и финансирање, вкупни расходни лимити, состојба на депозити на почетокот на фискалната година, гаранции и долг на општа власт;

3. споредба на реализацијата на параметрите од точките 1 и 2 на овој став со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;

4. споредба на проекциите на параметрите од точките 1 и 2 на овој став со претходната

фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;

5. споредба на остварениот и проектираниот реален БДП, инфлација, буџетско салдо и долг на општа власт со други релевантни домашни и меѓународни институции, како и кратко објаснување на главните разлики, каде што е тоа можно;

6. максимално одобрени средства (расходни лимити) по матични буџетски корисници за наредните пет години на Буџетот на државата;

7. опис на секоја политика и програма и образложение на фискалните импликации од новите иницијативи за финансирање;

8. резиме на активностите на управување со долгот на општа власт, вклучувајќи и планирана структура на финансирање на дефицитот, отплатите и состојбата на депозити;

9. макрофискални ризици, вклучувајќи фискални ризици поврзани со потенцијалните обврски и конкретни ризици со квантитативно и квалитативно објаснување на ефектите врз клучните макроекономски и фискални параметри од точките 1 и 2 на овој став;

10. образложение за усогласеност, односно отстапување од фискалните правила и за евентуални отстапувања од фискалните цели утврдени во претходната фискална стратегија;

11. опис на користењето на претпристапната помош на ЕУ;

12. анализа на долгорочната фискална одржливост;

13. други потребни информации и податоци.

(2) Ревидираната фискална стратегија не ја содржи точката 6 од ставот (1) на овој член.

Член 20

Среднорочни приоритети и постапка за селекција на нови иницијативи-проекти и активности

(1)Новите иницијативи опфаќаат нови проекти, вклучувајќи проекти за јавни инвестиции и јавно-приватни партнерства и нови активности, предложени од матичните буџетски корисници, вклучувајќи ги општините во нивно име, односно во име на јавните субјекти од нивна надлежност, кои ги подготвуваат во согласност со пропишаната методологија и ги поднесуваат до Министерството за финансии за преглед и оценка.

(2)Министерството за финансии ги разгледува предложените нови проекти и иницијативи и ги оценува примарно од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста.

(3)Министерството за финансии подготвува сумарна листа на предложени разгледани и оценети нови иницијативи и проекти и ја доставува до Владата, односно до општинските совети.

(4)Новите оценети иницијативи и проекти и активности понатаму се разгледуваат и им се определува приоритет од страна на меѓусекторска работна група/комитет формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија, односно од Советот на општината.

(5) Приоритетната листа на нови иницијативи и проекти и активности ја одобрува Владата на Република Северна Македонија, односно Советот на општината.

(6) Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија или со Одлука за извршување на буџетот на општината се утврдуваат активностите и проектите што треба

да започнат следната година.

(7) Методологијата за дефинирање, подготвување, разгледување, оценување и давање приорет на новите иницијативи, односно проекти и активности, ја донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за финансии.

Член 22

Содржина на Буџет

(1) Буџетот на државата или на општината се состои од општ дел на буџетот, посебен дел на буџетот и проектен и повеќегодишен дел на буџетот.

(2) Сите приходи и други приливи и сите расходи и други одливи се или дел од Прегледот на приходи и расходи, Прегледот на финансиски средства и обврски или од Прегледот за задолжување и отплата на долг.

(3) Министерот за финансии поблиску ја пропишува формата и содржината на буџетот од став (1) на овој член.

Член 31

Предлог финансиски планови на буџетски корисници

(1) Буџетските корисници подготвуваат предлог финансиски планови (буџетски барања) во согласност со упатствата, насоките и расходните лимити содржани во буџетскиот циркулар.

(2) Предлог финансискиот план го содржи најмалку следново:

1. реализација на одливи за претходната година, проценка за реализација на одливи за тековната година, планирани одливи за наредните пет години во согласност со буџетскиот циркулар.

2. образложение на предлог-финансискиот план на буџетските корисници кој содржи најмалку:

а) опис и надлежности на буџетски корисник;

б) образложение за поставените цели согласно со програмската класификација усогласени со стратегиите и долгорочните развојни документи;

в) правни и други основи за планирани одливи;

г) извори на финансирање;

д) индикатори кои се основа за пресметка и проценка на средства потребни за имплементација на програмите;

ѓ) родово одговорни индикатори и идентификување на најмалку една родова цел таму каде што е можно;

е) други објаснувања и документи во согласност со насоките и упатствата во буџетскиот циркулар.

Член 32

Надлежност и одговорност на буџетските

корисници

(1) Раководителот на буџетскиот корисник е надлежен за подготовка на финансискиот план и е одговорен пред раководителот на матичниот буџетски корисник.

(2) Раководителот на матичниот буџетски корисник е надлежен за:

1. распределбата на расходните лимити по буџетските корисници во рамките на неговата надлежност;

2. координација, подготовка и поднесување предлог финансиски планови на буџетските корисници во рамките на неговата надлежност;

3. препраќање на сите материјали согласно со овој закон, доставени од Министерството за финансии на буџетските корисници во рамките на неговата надлежност.

(3) Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија е надлежен за подготовка на финансискиот план на Собранието на Република Северна Македонија, согласно со Законот за Собранието на Република Македонија.

(4) Раководителот на матичниот буџетски корисник ги претставува сите буџетски корисници во рамките на неговата надлежност во процесот на подготовка на Буџетот на државата, пред Министерството за финансии и пред Владата на Република Северна Македонија.

(5) Градоначалникот е надлежен за подготовка на финансискиот план на општината и ги претставува буџетските корисници во рамки на негова надлежност пред Советот на општината во процесот на подготовката на буџетот на општината.

Член 35

Предлог-буџет и буџетска документација

(1) Предлог буџетот на државата е придружен со предлог-закон за извршување на Буџетот на државата и соодветна буџетска документација.

(2) Буџетската документација вклучува и:

1. ревидирана фискална стратегија;

2. образложение за предлог-буџетот кое вклучува најмалку: реализација од претходната година, проценета реализација на буџетот за тековната година, предлог-буџет и проекции за следните пет години, како и елементи дефинирани во членот 31 став (2) точка 2 од овој закон;

3. предлог годишна програма за продажба на нефинансиски средства утврдени со членот 75 од овој закон;

4. предлог годишна програма за продажба на финансиски средства утврдени со членот 85 од овој закон;

5. сумарен преглед на родово буџетски изјави на корисниците на буџетот.

(3) Предлог-буџетот на општината е пропратен со Одлука за извршување на буџетот на општината и со соодветна буџетска документација.

Член 67

Согласност за вработување

(1) Буџетските корисници на Буџетот на државата можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на државата и ако се планирани во планот за пополнување на работни места во текот на фискалната година, кој е поднесен при поднесувањето на буџетската пресметка.

Барањата за согласност за вработување, буџетските корисници освен јавните претпријатија, ги поднесуваат преку матичните буџетски корисници.

(2) Јавните претпријатија и јавно- правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Северна Македонија освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во финансиските планови за тековната фискална година.

(3) Буџетските корисници на средства од буџетите на општините можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетите на општините.

(4) При вработување на нови работници и пополнување на испразнети работни места, при вработување на работници на определено време и при склучување договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи, од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија.

(5) Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината, се должни во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување, писмено да ги известат институциите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, за обезбедени средства за вработување.

(6) За обезбедени средства за вработување на административни службеници, Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината, ќе даде писмено

известување по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

(7) Министерот за финансии го пропишува начинот на издавање на согласностите за вработување предвидени во овој член.

(8) Собранието на Република Северна Македонија за согласност за обезбедени финансиски средства за вработување постапува согласно со Законот за Собранието на Република Македонија.

Член 69

Единствена трезорска сметка и Систем на

единствена трезорска сметка

(1) Министерството за финансии отвора ЕТС во Народната банка на Република Северна Македонија преку која ќе се вршат трансакции и ќе се евидентира наплатата на сите приливи и извршувањето на сите одливи на Буџетот на државата, буџетите на општините и буџетските корисници и на другите буџетски корисници, освен ако не е поинаку пропишано со друг закон.

(2) Министерството за финансии покрај ЕТС, може да отвори и други сметки, вклучувајќи и сметки за странски валути во Народната банка на Република Северна Македонија. Само во исклучителни случаи, Министерството за финансии може да отвори сметка кај друга кредитна институција или кај давател на платежни услуги за управување со одделни готовински средства за кои е потребно посебно оперативно извршување и следење.

(3) Буџетските корисници и општините отвораат сметки и можат да депонираат средства само во Трезорот.

(4) ЕТС во Народната банка на Република Северна Македонија и другите сметки отворени од Министерството за финансии во Народната банка на Република Северна Македонија или кај друга кредитна институција кај друг давател на платежни услуги, сметките отворени кај Трезорот од страна на општините, буџетските корисници и други јавни субјекти во согласност со закон и сите други сметки и потсметки отворени кај Трезорот за вршење трансакции, евидентирање и управување со јавни готовински сметки во согласност со овој или со друг закон, го сочинуваат системот на ЕТС.

(5) Кредитните институции и другите даватели на платежни услуги не смеат да отвораат сметки или да примаат депозити од средства на буџетски корисници, освен од Министерството за финансии, односно од Трезорот.

(6) Министерот за финансии донесува упатство со кои поблиску се уредува отворањето и водењето на сметките што го сочинуваат системот на ЕТС.

Член 76

Известување за договори по основ на концесии и јавно-приватно партнерство

(1) Матичен буџетски корисник треба да води регистар на сите договори за концесии и јавни приватни партнерства за сите буџетски корисници и другите јавни субјекти во делот на неговата надлежност.

(2) Збирниот регистар на сите договори за концесии од ставот (1) на овој член, се води во Министерството за финансии.

(3) Матичните буџетски корисници редовно ги доставуваат до Министерството за финансии сите потребни податоци за договорите за концесии во нивна надлежност.

(4) Збирниот регистар на сите договори за јавни-приватни партнерства од ставот (1) на овој член се води во Министерството за економија.

(5) Министерството за економија редовно ги доставува сите потребни податоци за договорите за јавни-приватни партнерства до Министерство за финансии.

(6) Министерот за финансии поблиску ја пропишува формата и содржината на регистарот на договори за концесии.

Член 79

Управување со јавни субјекти кои не се буџетски корисници

(1) Надлежните министерства и градоначалниците на општините, доколку со друг закон поинаку не е утврдено, ги извршуваат следниве задачи:

1. ги координираат програмите за работа и финансиските планови на јавни субјекти кои не се буџетски корисници;

2. вршат надзор над работењето, спроведувањето на одобрените програми и финансискиот план и задолжувањето на овие јавни субјекти;

3. имаат претставник во управните одбори или во надзорните органи на овие јавни субјекти.

(2) Владата на Република Северна Македонија или Советот на општината на предлог на надлежниот министер или на градоначалникот даваат согласност на програма за работа (оперативна и инвестициска), Годишниот финансиски план, годишните финансиски извештаи и извештајот за работењето на јавни субјекти кои не се буџетски корисници.

(3) Сите јавни субјекти што не се буџетски корисници на Министерството за финансии му поднесуваат:

- годишни финансиски и деловни планови, - квартални финансиски извештаи,

- годишни финансиски извештаи и деловни извештаи,

- сите други финансиски податоци и информации што ќе ги побара Министерството за финансии.

(4) Министерот за финансии го пропишува начинот, формата и роковите за поднесување на финансиските и деловните планови, извештаи, изјави и други информации наведени во ставот (3) на овој член.

Член 83

Продажба или конверзија на побарувања

(1) Буџетскиот корисник - носителот на побарувањето, освен побарувања што произлегува од неплатени придонеси за задолжително социјално осигурување, од субјектите кои не се субјекти на општа власт, преку матичниот буџетски корисник може да предложи продажба или конверзија на побарувањето, ако истите се економски оправдани.

(2) Владата на Република Северна Македонија или Советот на општината формира комисија, која дава образложено мислење за прифаќање или одбивање на предлогот за продажба или конверзија на побарувањето.

(3) Комисијата е составена од најмалку по еден овластен претставник од носителот на побарувањето, матичниот буџетски корисник, Министерството за финансии, Министерството за економија и Владата на Република Северна Македонија, кога се предлага продажба или конверзија на побарување на државата и од најмалку по еден овластен претставник од носителот на побарувањето, матичниот буџетски корисник, општината и ЗЕЛС, кога се предлага продажба или конверзија на побарување на општината или повеќе општини заедно и може да брои најмногу 15 членови, со тоа што бројот на членови секогаш е непарен.

(4) По предлогот комисијата одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови, а за работата во комисијата на членовите им следува надоместок кој ќе се исплатува од сметката на носителот на побарувањето.

(5) Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за финансии ќе донесе упатство за составот и деловникот на комисијата.

(6) Владата на Република Северна Македонија одлучува за продажба или конверзија на побарувањата на државата, а Советот на општината одлучува за продажба или конверзија на побарувањата на општините.

Член 91

Известување за извршување на буџетот

(1) Министерството за финансии особено објавува:

1. месечен извештај за извршување на Буџетот на државата;

2. збирен квартален извештај за извршување на буџетите на општините;

3. консолидиран квартален извештај за извршување на Буџетот на државата и општините.

(2) Извештаите се објавуваат на веб-страницата на Министерство за финансии во рок од еден месец од крајот на месецот/тримесечјето.

(3) Градоначалникот на веб-страницата на општината објавува месечен извештај за извршување на буџетот на општината во рок од еден месец од крајот на месецот/тримесечјето.

(4) Министерството за финансии ја пропишува формата и содржината на извештаите за објавување.

Член 92

Полугодишен извештај за извршување на буџетот

(1) Министерот за финансии или градоначалникот доставуваат извештаи до Владата на Република Северна Македонија или до Советот на општината за извршување на буџетот за првата половина од годината најдоцна до 31 јули во тековната година.

(2) Извештаите треба да содржат:

1. податоци за макроекономските движења;

2. извештај за остварените приливи и одливи согласно со структурата на донесениот буџет, буџетско салдо, задолжување и проценета реализација до крајот на годината;

3. податоци за обврски, прераспределба, промени во буџетските корисници во текот на годината, користење на буџетските резерви, издадени и платени гаранции и наплатени побарувања од издадени гаранции;

4. Образложение за поголемите отстапувања од планираното во однос на важечкиот буџет.

(3) Владата на Република Северна Македонија е должна извештајот да го достави до Фискалниот совет и Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 1 септември во тековната година.

(4) Министерот за финансии подетално го пропишува начинот на подготвување, формата и содржината на полугодишниот извештај за извршувањето на Буџетот на државата и на општините.

Член 93

Содржина на Завршна сметка на Буџетот на

државата или на општината

(1) Завршната сметка на Буџетот е акт на државата или општината, со кој се прикажува реализацијата на Буџетот на државата или општината за претходната буџетска година.

(2) Завршната сметка на Буџетот содржи:

1. Финансиски извештај за извршување на Буџетот;

2. Образложение на општиот дел на Завршната сметка на Буџетот;

3. Образложение на посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот, вклучувајќи го и извештајот за постигнатите цели и резултати;

4. Образложение на податоците од билансот на состојба.

(3) Финансискиот извештај за извршување на буџетот ја следи структурата и содржината на буџетот. Истиот ги опфаќа планираните и реализираните приливи и одливи

на Буџетот на државата или општината.

(4) Образложението на општиот дел на Завршната сметка на Буџетот содржи најмалку:

1. проектирани макроекономски индикатори како почетна точка на која се базира

буџетот и нивно остварување во текот на годината;

2. образложение на општиот дел на буџетот;

3. образложение за прераспределбите во текот на годината;

4. промени на буџетските корисници во текот на годината согласно со членот 57 од овој закон;

5. образложение за донесените мерки за урамнотежување на буџетот согласно со членот 60 од овој закон;

6. образложение за промените меѓу донесениот и важечкиот буџет во согласност со членот 47 од овој закон;

7. извештај за користење на постојана буџетска резерва во согласност со членот 58 од овој закон;

8. извештај за користењето на општата резерва во согласност со членот 59 од овој закон;

9. извештај за годишна програма за продажба на нефинансиски средства согласно со членот 75 од овој закон;

10. извештај за годишната програма за продажба и/или конверзија на финансиски средства согласно со членот 85 од овој закон;

11. извештај за доспеани, а неплатени обврски;

12. извештај за задолжување на домашен и странски пазар на капитал;

13. извештај за издадени гаранции и дадени заеми;

14. извештај за влијанието на даночни расходи врз приливите;

15. извештај за извршување на буџетите на општините;

16. други потребни податоци.

(5) Образложението на посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот, го вклучува и извештајот за постигнатите цели и резултати, како и родово одговорните индикатори. Извештајот вклучува проценка на успешноста во постигнувањето на целите и објаснување за причините за отстапувањето од поставените цели.

(6) Завршната сметка на буџетот ги вклучува и следниве анекси:

1. консолидирани биланси на состојба на државата и општините;

2. извештајот од членот 71 став (5) од овој закон.

(7) Министерот за финансии поблиску го пропишува, начинот на подготовка, формата и содржината на Завршната сметка на Буџетот на државата или буџетите на општините, консолидираниот годишен извештај за извршувањето на финансиските планови на буџетските корисници во надлежност на матичниот буџетски корисник како и годишните финансиски извештаи на буџетските корисници.

Член 94

Подготовка и усвојување на Предлог- завршната сметка на Буџетот на државата или

на општината

(1) Буџетскиот корисник подготвува годишни финансиски извештаи и на надлежниот матичен буџетски корисник му обезбедува податоци за подготовка на консолидираниот годишен извештај за извршувањето на финансиските планови на буџетските корисници во негова надлежност за претходната година, најдоцна до 1 март во тековната година.

(2) Матичниот буџетски корисник изработува консолидиран годишен извештај за извршување на финансиските планови и обезбедува податоци за подготовка на Предлог - завршната сметка на Буџетот за изминатата година и ја доставува до Министерството за финансии и до градоначалникот, најдоцна до 15 март во тековната година.

(3) Министерството за финансии Предлог-завршната сметка на Буџетот на државата ја доставува до Државниот завод за ревизија и до Фискалниот совет, најдоцна до 30 април во тековната година.

(4) Кога изработува нацрт ревизорски извештај, Државниот завод за ревизија може да даде ревизорски препораки за исправка на неправилностите. Овие препораки за исправка на неправилностите мора да се засноваат на одредбите што се во сила и мора да го содржат правниот основ и повикување на автентични и веродостојни книговодствени документи што овозможуваат исправка на неправилностите утврдени од Државниот завод за ревизија во предлогот на Финансискиот извештај за извршувањето на Буџетот на државата.

(5) Владата на Република Северна Македонија одлучува и ги образложува активностите што ќе ги примени за исправка на неправилностите од ставот (4) на овој член и на кој начин, соодветно го известува Државниот завод за ревизија и ја утврдува конечната верзија на финансискиот извештај за извршувањето на Буџетот на државата.

(6) Владата на Република Северна Македонија ја усвојува предлог завршната сметка на Буџетот на државата од ставот (2) на овој член заедно со финалниот извештај на Државниот завод за ревизија и со образложението на можни отфрлања на поединечни ревизорски препораки за активности за исправка на неправилностите, ја доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 1 октомври во тековната година за донесување.

(7) При донесувањето на Завршната сметка на Буџетот на државата, Собранието ги разгледува забелешките предложени од страна на ревизорот.

(8) Градоначалникот ја подготвува Предлог-завршната сметка на буџетот на општината и ја доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

(9) Градоначалникот ја доставува Предлог-завршната сметка на буџетот на општината до Советот на општината за донесување најдоцна до 30 април во тековната година.

(10) Завршната сметка на буџетот на општината се поднесува до Министерството за финансии и до Државниот завод за ревизија не подоцна од 15 дена од усвојувањето од Советот на општината.

(11) По исклучок од ставот (10) на овој член, доколку Советот на општината не ја усвои Завршната сметка на Буџетот на општината, таа се поднесува до Министерството за финансии и до Државниот завод за ревизија најдоцна во рок од 60 дена од датумот на доставување до Советот на општината.

(12) Завршната сметка на буџетот се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а Финансискиот извештај за извршување на буџетот на веб - страницата на Министерството за финансии најдоцна во рок од еден месец од нивното донесување.

(13) Завршната сметка на буџетот на општината се објавува во службено гласило на општината, а Финансискиот извештај за извршување на буџетот на општината на веб-страницата на општините најдоцна во рок од еден месец од нивното усвојување.

Член 96

Објавување на веб-страници

(1) Буџетските корисници на своите веб-страници објавуваат најмалку:

1. одобрени финансиски планови;

2. квартални извештаи за извршување;

3. годишни финансиски извештаи.

4. годишна родово буџетска иницијатива.

(2) Матичните буџетски корисници освен документите од ставот (1) на овој член во рок од еден месец по истекот на периодот за кој известуваат на своите веб-страници објавуваат:

1. организациска структура на сите буџетски корисници и други јавни субјекти во

рамките на нивната надлежност, заедно со линковите на нивните веб-страници;

2. регистри на сите договори за концесии и јавни приватни партнерства од членот 76 став (1) од овој закон.

(3) Министерството за финансии на својата веб-страница објавува најмалку:

1. донесен Буџет на државата со буџетска документација;

2. граѓански буџет;

3. извештаи за извршување на Буџетот на државата и буџетите на општините;

4. полугодишен извештај за извршување на Буџетот на државата;

5. ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија согласно со членот 94 став (6) од овој закон.

6. Завршна сметка на Буџетот на државата.

(4) Плановите, извештаите и другите документи наведени во ставовите (1), (2) и (3) на овој член се објавуваат во рок од еден месец од нивното подготвување или усвојување, освен ако не е поинаку пропишано со овој или со друг закон.

Член 111

Прекршочни одредби за градоначалник на општина

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на градоначалникот на општината доколку:

1. не подготви буџет составен од општ дел на буџетот, посебен дел од буџетот и проектен и повеќегодишен дел од буџетот, согласно со членот 22 став (1) од овој закон;

2. не го подготви посебниот дел од буџетот согласно со организациската, програмската, економската класификација и класификацијата на извори на финансирање согласно со членот 24 став (2) од овој закон;

3. не објави месечен извештај за извршување на буџетот на општината, согласно со членот 91 став (3) од овој закон;

4. не достави или ненавремено до Советот на општината достави извештај за извршување на буџетот за првата половина од годината, согласно со членот 92 став (1) од овој закон;

5. не го достави или ненавремено го достави предлогот или усвоената Завршна сметка на буџетот на општината до Министерството за финансии, Државниот завод за ревизија и до Советот на општината согласно со членот 94 ставови (8), (9), (10) и (11) од овој закон;

6. не ги објави финансискиот извештај и Завршната сметка на буџетот на општината, согласно со членот 94 став (13) од овој закон.

Член 112

Прекршочни одредби за јавни претпријатија, други јавни корпорации, други јавни субјекти и други правни лица Глоба во износ од 400 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорно лице во јавно претпријатие, друг јавен субјект или друго

правно лице од членот 79 од овој закон доколку:

1. не ги достави финансиските планови, извештаи и изјави до Министерството за финансии, согласно со членот 79 ставови (3) и (4) од овој закон;

2. не ги објави на својата веб-страница годишните финансиски извештаи и изјави, согласно со членот 95 став (2) од овој закон.

Член 122

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година, освен одредбите од членот 121 од овој закон.